# З А П И С Н И К
# од 34-та седница на Совет на Општина Демир Хисар
# одржана на 14.03.2024 година

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11 часот.
На седницата присутни беа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска и Сандра Пејковска.
Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Марина Поповска, Тони Петровски, Александар Пејковски, Јасмина Василевска Перчаковска. На седницата присутен беа претставник од основните училишта Марина Давидовска, претставник од СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар Сузана Мицевска претставник од детска градинка „ Втори Септември" Цане Трајчевски, директоротна дом на култура „Илинден" Славче Велјановски, директорот на ЈКП „Комуналец" Гоце Мицковски и директорот на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар Александар Чорбевски.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 33 та седница на Совет на општина Демир Хисар

По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 11 „за".

Усвојување на записник од вонредна седница на Совет на општина Демир Хисар одржана на 13.02.2024 година

По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 11 „за".

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Усвојување на Завршна сметка на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2023 година.
2. Усвојување на Годишен извештај за реализација на програмата за јавна чистота за 2023 година.
3. Усвојување на Извештај за реализација на Планот за работа на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2023 година.
4. Донесување на Одлука за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Могила и општина Демир Хисар.
5. Донесување на Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Могила и општина Демир Хисар.
6. Донесување на Одлука за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и општина Демир Хисар.
7. Донесување на Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Битола и општина Демир Хисар.
8. Донесување на Завршна сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година.
9. Донесување на Годишен извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година.
10. Донесување на Одлука за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2023 година.
11. Усвојување на Извештај за остварено право на паричен надомест за новородено дете во Општина Демир Хисар во 2023 година.

12. Усвојување на Извештај за остварено право еднократна паринча помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2023/2024 година во општинските основни училишта на подрачјето на општина Демир Хисар.
13. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата од областа на социјалната заштита во 2023 година.
14. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2023 година.
15. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2023 година.
16. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2023 година на подрачјето на Општина Демир Хисар.
17. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2023 година.
18. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2023 година.
19. Усвојување на Извештај за реализација на Годишна Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2023 година.
20. Усвојување на Програмски извештај за работата на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар за 2023 година.
21. Усвојување на Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2023 година на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар.
22. Усвојување на План за работа на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар за 2023 година.
23. Разгледување на Барање од Зоре Ристевски од с.Журче.
24. Усвојување на Завршна сметка на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар за 2023 година.
25. Давање согласност на ценовник за вршење на услуги за превоз од страна на ЈП "Дехи Транс" Демир Хисар.
26. Предлози и прашања.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи точките 23 и 24 кој се однесуваат на решенијата за разрешување и именување на членови во надзорен и управен одбор во ЈКП „Комуналец" да се повлечат, бидејќи во време на распишани избори не треба да се именуваат и разрешуваат членови во овие тела. Потоа предложи точките 17, 18 и 19 кои се предложение од ЈКП „Комуналец" да се разгледуваат како 1,2 и 3 точка, а останатите точки редоследно да се поместат. Исто предложи да се дополни Дневниот ред со точка 24. Усвојување на Завршна сметка на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар за 2023 година и 25. Давање согласност на ценовник за вршење на услуги за превоз од страна на ЈП "Дехи Транс" Демир Хисар како 26 точка да биди предлози и прашања. Други предлози немаше. Со 11 „за" беше усвоен дневниот ред со измените и дополнувањата.

***ТОЧКА 1. Усвојување на Завршна сметка на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2023 година***

Завршната сметка на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2023 година беше усвоена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. Објаснување за завршната сметка имаше директорот Гоце Мицковски. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде на сите ни се познати причините поради кој е ваква состојбата во јавното претпријатие, да се надмини оваа состојба во интерес е на сите. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на завршната сметка гласаа 6 „за", 5 „против" воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Годишен извештај за реализација на програмата за јавна чистота за 2023 година***

Годишнот извештај за реализација на програмата за јавна чистота за 2023 година беше усвоен од Комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот Аце Јанкуловски. За извештајот

објаснување имаше директорот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар Гоце Мицковски. Дискусија по оваа точка немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 3. Извештај за реализација на Планот за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2023 година***

Извештајот за реализација на Планот за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2023 година беше усвоен од страна на  Комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Во врска со споредните дејности плин и инсталации за греење-клима уреди советничката Марина Димитријовска праша дали ова е нова дејност, ако е тогаш да се промовира, а потоа праша колку вработени има во јавното претпријатие и со каков статус се истите. Директорот Мицковски објасни за таа дејност нема стручни лица, потоа објасни вкупно се 34 вработени од кои 7 се на определено, а другите се на неопределено работно време еден има со договор на дело и тој е дел од вкупниот број на вработени.  Дискусија повеќе немаше. Со 10 „за“ и 1 „воздржан“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 4. Одлука за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Могила и општина Демир Хисар***

За Одлуката за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Могила и општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Александра Трајковска. Меѓуопштинската соработка се однесува во областа на инспекциски надзор за заштита на животната средина. Советничката Марина Димитријовска забележа ваква соработка имаше и предходната година. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Могила и општина Демир Хисар***

Во врска со Решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Могила и општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Александра Трајковска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски во својата дискусија истакна меѓуопштинска соработка има, но не оди добро изгубивме 25.000 евра обезбедени средства за мостот во с.Журче заради одделението за урбанизам не успеа да се изготви проектот навреме. Сега овие средства ќе бидат пренаменети во друга општина. Незнам како ќе градиме, проблемот е што требаше да се пополни со работно место архитект. Советникот Јордан Кромидаровски праша зошто не успеа да се изготви проектот. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни не стигна навреме да се изготви прво ми беше кажано има проблем во Министерство за животна средина, откако интервенирав таму се среди работата потоа проектот заглави во Завод за заштита на културно наследство и таму бев се реши и тој дел, но времето помина и средствата мораше да се пренаменат сега ги немаме повеќе тие средства. Две години се работеше проектот и не успеа да се изготви. И други средства имаше обезбедено преку Бирото. Затоа реков не сум задоволен од меѓуопштинската соработка, треба да се пополни местото архитект. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 6. Одлука за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и општина Демир Хисар***

За Одлуката за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Александра Трајковска. Ова се однесува за превоз на учениците. Советникот Јордан Кромидаровски праша дали трошоците се на општина Битола. Претставникот Трајковска објасни општина Битола ќе плаќа. Дискусија повеќе немаше. Едногласно со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 7. Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Битола и општина Демир Хисар***

За Решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Битола и општина Демир Хисар

објаснување имаше претставникот Александра Трајковска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 8. Завршна сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година***

Завршната сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година Завршна сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година беше усвоена од Комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. Во врска со завршната сметка објаснување имаше претставникот Марина Поповска . Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоена завршната сметка.

***ТОЧКА 9. Годишен извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година***

Годишниот извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година беше усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За извештајот објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување за вкупните побарувања на општината заклучно со 31.12.2023 година од 14.258.054 денари тоа не се малку средства. Претставникот Марина Поповска објасни овие средства се по повеќе основи дел се од закупнини некој плаќаат редовно некој не плаќаат, дел се од данок на имот еден дел е преземен долг со преземањето на надлежноста од УЈП. Советникот Јордан Кромидаровски додаде данок на имот не застарува, но понекогаш се прави отпис. Претставникот Марина Поповска објасни данок на имот не застарува, кога се спроведуваат наследните се плаќа долгот, а отпис се прави на комунална такса за истакната фирма кога фирмата отишла во стечај, а општината не е навреме известена или некогаш има по грешка задолжување. Советничката Марина Димитријовска забележа во делот на одлуката за попис и во годишниот извештај не е усогласено обврски по сите основи во одлуката се 29.184.398, потоа праша за изност 38.397 во програма други комунални услуги поставување на детски реквизити во Загориче и Кутретино. Претставникот Марина Поповска објасни во одлуката е обврски по сите основи, а во извештајот е на добавувачи тоа е износ со задршки на плати околу 34.000. Средствата од 38.397 се потрошени за превоз и монтирање на детските реквизити. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша за обврските за кредитите уште колку години треба да се плаќаат и колку средства, кога се земени истите. Претставникот Марина Поповска објасни тоа се три долгорочни кредити на 10 години од Светстка банка преку Министерството за финансии за патот за Св. Петар е во времето на Љупчо Блажевски кога беше градоначалник и другите два за минибусите и улиците во времето кога беше градоначалник Марјанче Стојановски. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски во својата дискусија истакна грубо пресметано тоа е околу 21 милион денари толку се обврски кон Министерството за финансии. Потоа праша за канализацијата во Белче дали е завршено со тужбите за експропријацијата, ова е срам невиден додаде улиците се катастрофа, со канализацијата под патот до каде е кога ќе биди во функција. За сите овие прашања да има претставник од одделението за урбанизам да ни даде одговор до каде се проектите. Советничката Марина Димитријовска додаде во Сопотница се работи на улиците почна уште во 2019 година. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги праша претставниците на училиштата каква е финансиската состојба кај нив. Претставникот на основните училишта Марина Давидовска објасни засега сме добри, но до крајот на годината ќе се соочиме со проблем, бидејќи средсвата се намалени. Претставникот на средното училиште Сузана Мицевска објасни тие немаат финансиски проблеми добро функционираат. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 10. Одлука за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2023 година***

За Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2023 година објаснување имаше претставникот Јасмина Василевска Перчаковска. Советничката Марина Димитријовска праша кој ги должи основните средства. Претставникот Јасмина Ваесилевска Перчаковска објасни секој за својата канцеларија е задолжен со средствата, некогаш се случува да се премести нешто, но сето се

евидентира. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 11. Извештај за остварено право на паричен надомест за новородено дете во Општина Демир Хисар во 2023 година***

За Извештајот за остварено право на паричен надомест за новородено дете во Општина Демир Хисар во 2023 година немаше присутен претставник, претседателот на советот Љупчо Најдовски предложи согласно принципите на работа точките за кои нема присутен претставник може да се одложат. Советниците се согласија да не се одложуваат овие точки има извештаи прегледно е. За оваа точка немаше дискусија. Со 10 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 12. Извештај за остварено право еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2023/2024 година во општинските основни училишта на подрачјето на општина Демир Хисар***

За Извештајот за остварено право еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2023/2024 година во општинските основни училишта на подрачјето на општина Демир Хиса немаше присутен претставник. Немаше дискусија. Со 10 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 13. Извештај за реализација на Програмата од областа на социјалната заштита во 2023 година***

Извештајот за реализација на Програмата од областа на социјалната заштита во 2023 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Немаше присутен претставник. Советничката Марина Димитријовска забележа поднесени 86 барања за еднократна парична помош, 80 одобрени 6 одбиени, потоа има за 4 барања исплатени 200.000. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 14. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2023 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2023 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Во врска со извештајот објаснување имаше претставникот Александар Пејковски. Советничката Марина Димитријовска забележа има исплатено на 10.000 денари на здружение во Битола потоа додаде подршка да се дава на здруженија од нашата општина. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски се согласи дека подршка треба да се даде на здруженија на општина Демир Хисар, но за ова здружение за расправаше на една седница и со согласност од совет се направи исклучок барањето го поднесе член на здружението кој е од Демир Хисар. Дискусија повеќе немаше. Со 10 „за“ неше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 15. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2023 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2023 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше претставникот Александар Пејковски. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 16. Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2023 година на подрачјето на Општина Демир Хисар***

Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2023 година на подрачјето на Општина Демир Хисар беше усвоен на комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Претставник за оваа точка немаше. Дискусија немаше. Со 10 „за“ против и воздржани немаше беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 17. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2023 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2023 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни

претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Претставник за оваа точка немаше. Дискусија немаше. Со 10 „за“ против и воздржани немаше беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 18. Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2023 година***

Извештајот за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2023 година беше усвоен од комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Претставник немаше. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 19. Извештај за реализација на Годишна Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2023 година***

Извештајот за реализација на Годишна Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2023 година беше усвоен од комисијата за општествени дејсноти објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше претставникот Тони Петровски. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 20. Програмски извештај за работата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2023 година***

Програмски извештај за работата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2023 година беше усвоен од комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски, при тоа нагласи пофални зборови беа упатени до директорот за работата на домот на културата. За извештајот објаснување имаше директорот Славче Велјановски. Претседателот на советот Љупчо Најдовски упати пофални зборови за работата на домот на културата има раздвиженост тоа е констатација на граѓаните и со гордост се кажува. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 21. Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2023 година на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар***

Годишниот извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2023 година на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар беше усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата. За извештајот објаснување имаше директотот Славче Велјановски. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 22. План за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2023 година***

Планот за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2023 година беше усвоен од комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За планот објаснување имаше директорот Славче Велјановски, при тоа ги запозна советниците на 30 Март ќе бидат учесници во емисијата „Качамак“ . Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше усвоен планот за работа.

***ТОЧКА 23. Барање од Зоре Ристевски од с.Журче***

Во врска со барањето од Зоре Ристевски претседателот на Советот ги запозна советниците направена му е голема материјална штета му изгоре објект плевна, но дел се корсител како работилница оштетена е многу опрема, тракторот направена голема материјална штета, затоа предложи да се одобрат 150.000 денари помош. Советникот Аце Јанкуловски предложи да се донесе одлука во рамките на можностите на општината да не се определуваат цифри. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде се работи за доста голема материјална штета, толкава сума беше исто определена и за предходниот случај. На ова реагираше советникот Филип Ангелевски тогаш се работеше за куќа, не е иста тежината, секако дека има штета, но колку дозволува буџетот. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски образложи секогаш кога се носеле одлуки за помош јас не сум коментирал и сум се согласувал, не е во ред да се кометира направена е штета да му помогниме, работилницата му е оштета, алати, трактор основните средства за работа. Советничката Сандра Пејковска предложи да

стои во рамките на можностите. После дискусиите се предложи износ од 120.000. За одлуката гласаа 10 „за“.

***ТОЧКА 24. Завршна сметка на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за 2023 година*** Завршната сметка на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за 2023 година беше усвоена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За завршната сметка објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски упати пофални зборови за работата на јавното претпријатие да продолжи и понатаму домаќински да работи. Советникот Валентин Несторoски праша за услуги за сервис и одржување на транспортни средства и амортизација на транспортни средства. Советничката Марина Димитријовска праша за договор на дело за што е склучен. Директорот Александар Чорбевски објасни тоа се за одржување на возила и амортизација на возилата што ги имаме. Додека за договор на дело тоа се услуги со мајстор за одржување на возилата кој немаат фирма. Дискусија повеќе немаше. Со 10 „за“ беше усвоена завршната сметка.

**ТОЧКА 25. Согласност на ценовник за вршење на услуги за превоз од страна на ЈП “Дехи Транс“ Демир Хисар**

За ценовникот за вршење на услуги за превоз од страна на ЈП “Дехи Транс“ Демир Хисар обајснување имаше директорот Александар Чорбевски. При тоа објасни цените на услугите се исти има дополнето цени за други услуги. Дискусија немаше. Едногласно со 10 „за“ беше усвоен ценовникот.

***ТОЧКА 26. Предлози и прашања***

Барање Месна заедница Суводол и месна заедница Кутретино преземање на мерки кај училиштето.

Барањето беше поддржано од страна на членовите на Советот на Општина Демир Хисар и ги задолжуваат надлежните служби да постапат по основ на ова барање во најбрз временски период.

Барање од Суводол и Кутретино имаа набавено 15 бандери да се постават за осветување на патот до манастирот Св. Пантелејмон.

Барањето беше подржано од страна на советниците во соработка со комуналното претпријатие да се постават бандерите.

Барање од Месна заедница на Мало Илино

Барањето се однесување на повеќе активности за тампонирање на пат, чистење на патот од Железнец до мало Илино и финансиска помош за изградба на трем.

Советот ги задолжува службите да постапат по основ на барањата Месна заедница с.Мало Илино, за помош во градежни материјали за изградба на помошен објект – трем во Црквата Св.Пречиста во с.Мало Илино. Советот едногласно го одобри барањето со помош во градежни материјали во износ до 30.000 денари.

Барање од Црковен одбор на с.Загориче и с.Утово за финансика помош за изработка на 10 метарски Крст, кој ќе биде сместен во атарот на селото Загориче.

Советот едногласно го одобри барањето во рамките на можностите на Буџетот на Општина Демир Хисар.

Во врска со барањето предходеше дискусија советникот Валентин Несторoски објасни се планира да се постави крстот со почетна подлога од 1 метар и метална конструкција 18 метри или вкупна висина од 19 метри. Се надеваме на подршка од општината, има разговарано за спонзорство од повеќе правни и физички лица има расположение. Се планира да се изгради до 2 Јуни финасиската конструкција е 7-8 илјади евра од општината се очекува помош од околу 4 илјади евра за железото. Советникот Аце Јанкуловски предложи да се донеси одлука во рамките на можностите да се определува сума. Советникот Јордан Кромидаровски праша дали има пристапен пат до местото. Советникот Несторoски објасни има пат кој го користи шумското. Советничката Сандра Пејковска додаде идејата е одлична, но да не се определува сума во рамките на можностите да се нагласи. Претседателот на советот Љупчо Најдовски објасни во излагањето беше нагласено 4.000 евра, ние да му одобриме толку, да донесиме одлука 250.000 денари. Советникот Валентин Несторовски објасни

нека стои во рамките на можностите максимум 4.000 евра можеби и 3.000 евра ќе бидат доволни. Барањето беше одобрено со 10 „за“ .

Барање од месна заедница Вардино

Барањето се однесуваше за патот до манастирот Св Елена и Констсатин во с.Вардино да се пушти машина. Барањето беше одобрено.

Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-451/2 Совет на Општина Демир Хисар
30.04.2024 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.